Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, 89/22 и 171/22), **Градоначалник на Општина Кавадарци**, на ден 07.06.2023 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 11-292/10
07. 06 2023 год.
КАВАДАРЦИ

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за УЕ 7, дел од Блок 7.1 “Велком Трејд”, Општина Кавадарци, кој се носи согласно Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23) Правилникот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кавадарци, http://www.kavadarci.gov.mk/.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за УЕ 7, дел од Блок 7.1 “Велком Трејд”, Општина Кавадарци нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

4. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Одделението за урбанизам на Општина Кавадарци во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. Име и презиме

с.р ОПШТИНА КАВАДАРЦИ,

Место Кавадарци Д-р Митко Јанчев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ